УСЛОВИ

ПЕТГОДИШНА ГАРАНЦИЈА

1. *Оваа понуда важи за апарати купени во периодот од 02.02.2019 до 04.08.2019 година, и единствено за купување на нови* апарати од програмата на фрижидери и машини за перење и на одредени правосмукалки наведени на следната веб-локација: www.samsung5godinigarancija.mk*
   **Терминот „нови“ исто така означува и некористени изложени апарати и апарати кои се во продажба.*
2. *Оваа понуда важи за апарати купени во периодот од 02.02.2019 до 31.03.2019 година и единствено за купување на нови* апарати од програмата на машини за сушење и перење и машини за сушење на облека, наведени на следната веб-локација: www.samsung5godinigarancija.mk*
   **Терминот „нови“ исто така означува и некористени изложени апарати и апарати кои се во продажба.*
3. За да го остварите правото на продолжена гаранција која ќе трае пет години по купувањето на производот, сите детали во однос на апаратот треба да бидат онлајн регистрирани на веб-локацијата: www.samsung5godinigarancija.mk
   За дополнителни информации или за помош при регистрацијата, консултирајте се со Вашиот продавач, или обратете се на Службата за поддршка на корисници. Број на службата за поддршка на корисници се наплаќа согласно локалните надоместоци за воспоставен повик од фиксните и мобилните оператори: +389 23 207 777
4. Доколку не сакате да го искористите ова право, или доколку не го регистрирате апаратот во утврдениот временски рок од точка 5 на овие Услови, гаранцијата за Вашиот производ, согласно законските одредби, ќе изнесува 1 година.
5. Еден апарат за кој е побарана петгодишна гаранција треба да биде онлајн регистриран (како што е наведено во точка 2) не подоцна од 60 дена од датумот кога е издадена фактурата.
6. По регистрацијата, апликантот ќе добие електронска пошта за регистрација и гарантен лист за продолжена гаранција заедно со серискиот број од регистрираниот апарат.
7. Гарантниот лист за продолжена гаранција треба да се чува во текот на целиот гарантен рок, заедно со фактурата за набавка на производот.
8. Петгодишната гаранција не може да се пренесе кон никој друг апарат од Samsung освен апаратот кој е онлајн регистриран.
9. Петгодишната гаранција важи единствено на територијата на Република Македонија.
10. Петгодишната гаранција нема да го опфати следното:
    а) периодични контроли, одржување и поправки или замена на делови што ќе резултира од нормално абење согласно со објавените спецификации за производот од Samsung;
    б) злоупотреба на производи, оштетувања што можат да произлезат од неправилно или непрофесионално користење и неправилна инсталација, како и каква било промена што не е овластена од страна на Samsung;

в) оштетувања од природни опасности, громови, поплави, пожари, виши сили, војна, јавни нереди, лош напон, несоодветна вентилација или какви било други причини кои не можат да бидат контролирани од страна на Samsung.

Со притискање на копчето “Регистрација” давам на Samsung Electronics Austria GmbH, нејзината подрачна канцеларија и подизведувачи, согласност да ги собира моите лични податоци по пат на оваа електронска платформа и да ги користи заради моја регистрација на купениот уред, сервисирање на регистрираниот технички уред во периодот на петгодишната гаранција и да бидам контактиран/а во врска со предходно наведеното. Запознаен/а сум со политиката на приватност на Samsung која е достапна на http://www.samsung.com/rs/info/privacy.html и давам согласност да се користат моите лични податоци во согласност со истата. Свесен/на сум за фактот дека условот за остварување на правото на петгодишна гаранција е успешно завршена постапка за регистрација на уредот, во таа смисла ја сфаќам неопходноста за внесување на личните податоци со цел обработка на истите.